Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 240//0306
17.12 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.11.2024 година, врз основа на примена жалба од **Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ),** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Прилогот/извештај на телевизија Канал 5 со наслов **„Хајрлулахи: Деликатни документи од контролата во Вишото јавно обвинителство споделени со јавноста“**, емитуван на 31.10.2024 година во централната емисија Вести, како и на веб сајтот на телевизијата, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

ССНМ на 01.11.2024 г. до СЕММ упати жалба за содржината на прилогот/извештај на телевизија Канал 5 со наслов „Хајрлулахи: Деликатни документи од контролата во Вишото јавно обвинителство споделени со јавноста“. Во жалбата се наведува дека оспорената содржина отстапува од основните новинарски стандарди, дека има неточно и нефер известување, незастапена втора страна и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Притоа, во претставката на Самостојниот синдикат, меѓу другите наводи, посебно се нагласува и следното:

„... Како членска организација загрижени сме за безбедноста на нашата членка Мирослава Симоновска која и самата објави дека се чувствува загрозено поради фактот што била неовластено снимана и најверојатно следена. Исто така, извештајот придонесува кон ширење на автоцензура кај новинарите и медиумските работници бидејќи со ваквото јавно објавување се загрозува можноста на новинарите да имаат извори што е основа на нивната работа која е од јавен интерес“.

Жалителот наведува и други основи зошто смета дека содржината е неетичка и непрофесионална, а во прилог ја достави и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот) и линкови од објавата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот и првичното разгледувањето на жалбата од страна на Комисијата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителката и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот потпишан од директорот на Телевизијата Иван Мирчевски во кој целосно се отфрлаат наводите од жалбата.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека прилогот/извештај на телевизија Канал 5 со наслов **„Хајрлулахи: Деликатни документи од контролата во Вишото јавно обвинителство споделени со јавноста“**, емитуван на 31.10.2024 година во централната емисија Вести,

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

како и на веб сајтот на телевизијата, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1, 4 и 7 од Кодексот на новинарите на Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со жалбата и потврди дека станува збор за тема од исклучителен јавен интерес. Станува збор за новинарски прилог поврзан со серија настани во Вишото јавно обвинителство во Скопје и судир меѓу Вишиот обвинител и Јавниот обвинител на РСМ, при што се споменува и конкретен случај на правосудни постапки околу поранешното Специјално јавно обвинителство, но и истрага за друго кривично дело во Вишото јавно обвинителство. Но, суштината на жалбата во оспорениот новинарски производ е всушност објавувањето на незаконски снимен видео материјал во рамки на прилогот, а кој до Канал 5 е доставен од страна на Вишиот јавен обвинител.

Комисијата најпрво констатираше дека медиумот постапил неетички и непрофесионално што решил да користи нелегано стекнати материјали и со нивното објавување да стане учесник во пресметка која е очигледно водена од интересите на одредени субјекти зад кои стојат правосудно – партиски центри на моќ. Со тоа свесно и намерно, во трка по гледаност или од некои други причини, медиумот се претворил во платформа за борба за моќ, наместо внимателно и непристрасно да го истражи случајот, проверувајќи ги фактите од што е можно повеќе извори. Имено, телевизијата некритички ги прифаќа образложенијата на Вишиот обвинител, не се спротивставува на неговите тврдења во смисла на дополнителна проверка на кажаното и сосема некритички прифатил незаконски снимениот видео материјал, за кој обвинителот тврди дека му бил доставен од „свиркач“, да го емитува во централните вести. Со ваквите постапки во информирањето е прекршен член 1 од Кодексот, чија суштина е проверка на фактите од што е можно повеќе извори.

Комисијата се согласи дека е прекршен и членот 4 од Кодексот кој посочува дека изворот на информациите што ги објавуваат медиумите треба да биде јавен, а по исклучок може да биде и анонимен доколку тоа го бара самиот извор. Во случајот со дел од оспорениот новинарски производ изворот е анонимен, т.е. Вишиот обвинител доставува до медиумот незаконски снимен материјал, кој пак тој го добил наводно од „свиркач“. Во вакви случаи, како што се наведува и во Прирачникот за спроведување на Кодексот на новинарите, новинарот секогаш треба да биде критичен кон изворот и да ги провери доставените информации. Особено внимание треба да се обрне во ситуации кога се користат анонимни извори или кога на новинарот му се нудат ексклузивни информации. Тогаш треба особено внимателно да се проверат мотивите на доставувачот на информацијата.

Комисијата смета дека медиумот го прекршил и членот 7 од Кодексот со кој се заштитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Јавниот интерес на прв поглед постои, но погоре е образложено дека медиумот морал да биде свесен дека емитувајќи ја само едната страна од приказната, т.е. онаа на Вишиот јавен

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

обвинител, направил дерогација на јавниот интерес и се ставил на една страна во нешто што е очигледно пресметка во самото обинителство, а во која јасно се исцртува и влијание на политички центри на моќ. Од тука не е исполнет условот од членот 7 кога може да биде прекршена приватноста на личноста.

Медиумот, исто така, на прв поглед ги заштитил ликовите кои се појавуваат на снимката, но имајќи го предвид контекстот, претходно кажаното од Вишиот јавен обвинител, имајќи предвид дека во Вишото јавно обвинителство Скопје се вработени мал број луѓе и обвинители, со емитувањето на снимката сторил повреда на правото на приватност, дотолку повеќе што медиумот бил свесен дека таа е незаконски направена. Тоа што лицата на снимката се замаглени не значи дека не можат да се препознаат токму од претходно наведениот контекст што го навел и Вишиот јавен обвинител. Впрочем и во Прирачникот за спроведување на Кодексот се наведува дека „јавноста има право да знае за работата на институциите и за луѓето кои се избрани да служат на јавниот интерес, но исто така, луѓето имаат право на приватност“, како и дека „правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација“.

Конечно, и според членот 4 на најновата Европска регулатива за слободата на медиумите (Уредба на ЕУ 2024/1083 на Европскиот парламент и на Советот), конкретно ги обврзува земјите членки да ги заштитат новинарските извори и комуникацијата на новинарите, односно во точката (b) го забранува следењето и тајното снимање на новинарите од страна на државата.

Од сето погоре кажано произлегува дека медиумот имал повеќе причини да биде многу повнимателен околу изворот и мотивите за доставување на снимката за која знаел дека е незаконски стекната, дотолку повеќе што е голема веројатноста дека биле информиран за тоа кои лица се на снимката, односно дека едно од лицата е новинарка. Со ваквата постапка, медиумот не само што ја нарушил приватноста, туку како што наведува и жалителот, ја загрозил и безбедноста на новинарката, што пак натаму може да поттикне чувство на несигурност и автоцензура и кај други новинари и медиумски работници.

*Член 1*

*Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Член 4

*Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.*

Член 7

*Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.*

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, и Тамара Чаусидис. Жана Божиновска поради можен конфликт на интереси се иззема од расправата и гласањето. На состанокот на Комисијата беа отсутни Димитар Мицев и Зериета Јајага.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595